*Христо Андонов—Полјански*

# „АПЕЛОТ" НА ЃОРЃИ ИВ. КАПЧЕВ ОД 1899 ГОДИНА

Во 1899 година вниманието на еден дел од европската јавност беше свртено кон „Апелот" на македонскиот деец и општественик Ѓорѓи Ив. Капчев за политичкото уредување на Македонија. За неговата дејност воопшто прво соопштение изнесе Д. Зографски.[1].) Извештаите на загрепската полиција за неговиот престој и активност во Загреб ги објави В. Цециќ.[2]) Врз основа на тие извештаи ја проследи неговата дејност во Загреб Вл. Муса[3]) и Фр. Туѓман.[3a]) Краток осврт на Капчевиот престој во Швајцарија направи Љ. Лапе.[4])

Настојувајќи да придонесе за уште покомплексно согледување на Капчевиот потфат за издавање на „Апелот", односно неговата концепција за политичкото уредување на Македонија, направивме обид да изнајдеме и други сведоштва, особено од изворен карактер. За таа цел вршевме иследување во британската дипломатска преписка. Во неа наидовме на извесен материјал поврзан со неговата дејност и акција во Швајцарија во полза на македонското ослободително дело. Во овој правец консултиравме и друг изворен материјал. Почитувајќи го досега познатото и истражното за Капчев[5]), во овој прилог се осврнуваме само на досега непознатото, а тоа е „Апелот на Ѓ. Ив. Капчев и на некои биографски под-

---

[1]) Види: Д. Зографски, Македонскиот Таен Револуционерен Комитет, 20.

[2]) Vinco Cecić, Zagreb za oslobođenje Makedonije prema dokumentima iz 1898 i 1899 godine. Zagrebačka panorama 1 (1962), 32-33.

[3]) Владислав Муса. За потребата од испитување на врските меѓу македонското и хрватското револуционерно движење. Развитокот на државноста на македонскиот народ. Скопје 1968, 479-480.

[3a]) Fr. Tuđman,, Hrvatski narodni pokret 1903 i njegov odnos prema makedonskom pitanju — Forum (Zagreb) 5-6 (1968), 809 — 812; Isto: Velike ideje i mali narodi. Zagreb 1969, 128-132.

[4]) Љ. Лапе, Активноста на Главниот одбор на македонските друштва во Швајцарија 1918 — 1919 и документацијата за тоа. — Гласник IX/1 (1965), 132 — 133,

[5]) Види: Д. Зографски, Op. cit., 20.

робности, со што секако ќе се придонесе за подобро осветлување на неговата дејност, а и ќе послужи за натамошно уште поцелосно комплетирање на неговата биографија.

1

За биографијата на Ѓорѓи Ив. Капчев постојат оскудни податоци. Тој потекнува од познато семејство во Охрид. Во аналите на неговото семејство се бележи дека било кожуварско семејство, кое тргувало со Солун и Виена.[6]) Еден претходник на Ѓорѓи Ив. Капчев, под исто име — Ѓорѓи, учествувал во италијанското национално-ослободително движење во 1848 година и станал близок на Гарибалди и на неговото семејство.[7]) Друг претходник на Ѓорѓи Ив. Капчев по име Илија, го испратил сина си Иван на школување во Русија, по содејство на Димитрија Миладинов.[8]) Друг еден на име — Христо Капчев, работел во 1855 година во Охрид како училиштен настојник.[9]) Како учесник во руско-турската војна од 1877-1878 година и во Кресненско-Разлошкото востание од 1878-1879 година, се споменува Иван Капчев[10]), кој секако е во најблиска врска со Ѓорѓи Ив. Капчев, кој бил роден 1868 година во Охрид[11]), се посветил на правните науки, а со време се оддал да му служи на македонското ослободително дело. Особено забележителна дејност развил во Загреб 1898 и 1899 година со издавањето на весникот „Македонија".[12]) и публикувањето на книгата: „Македонија или гласот на робот".[13]) Потем се префрлил во Женева и таму развил мошне проширена дејност, за што во овој прилог ќе изнесеме некои нови подробности.

---

[6]) Името — Капчевци доаѓа оттаму што тие произведувале капчиња. (Соопштение на Перо Киселинов и Демостен Манев од Охрид. Тие изнесоа и други подробности за ова семејство, за што им благодарам.) Семејството Капчевци, кое се занимало со кожуварство се споменува и во Велес. (Д. Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владење. Скопје 1967, 228).

[7]) Види: Г. Нешев, Българи-Гарибалдийци. — История и география 6 (1964), 49; Истиот, Българи — Гарибалдийци. София 1965, 60—68; G. Nurigiani, L'Inssurrezione di Ilinden e i Suoi Artefici. Roma 1968, 6.

[8]) Ив. Снегаров, Град Охрид. — Македонски преглед IV/2 (1928), 74. за случајот на Иван Капчев види : Братя Миладиновци. Преписка. (издирил: Н. Трайков. София 1964, 166 217—218.

[9]) Ив. Снегаров, Op. cit., Макпр IV/3 (1928), 68.

[10]) Les Macédonienes dans la vie culturo-politique de la Bulgarie. Sofia 1919, 37; Български Патриарх Кирил, Съпротивата срещу Берлинския договор. Кресненското въстание. София 1955, 28, 80.

[11]) V. Cecić, Op. cit., 33.

[12]) Види: Македония. — Macedonien. — Macedonija. Zagreb г. I (1898).

[13]) Види: Г. Ив. Капчев, Македония или глас на роба. Zagreb 1898, 42. (Исто — Macedonija ili glas roba. Zagreb 1898, 31 (Две изданија).

2

Главната активност во Женева. Г. Ив. Капчев ја ориентирал во организирањето на македонски конгрес и на неговите органи, кои би раководиле со македонското ослободително дело. Оваа дејност тој ја развил во 1899 година. За таа цел тој испратил, Апел до европската јавност и тоа датиран на 12 јануари 1899 година, во кој го образложил својот проект за уредување на Македонија и изнел подробности поврзани со изведувањето на тој потфат. За да добиеме подобар увид во тој „Апел“ а со тоа и во целокупната акција на Ѓ. Капчев, Апелот којшто досега остана непознат, го објавуваме во превод:

**„МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС ВО ЖЕНЕВА**

**АПЕЛ**

ДО ЗАШТИТНИЦИТЕ НА ЧОВЕЧКАТА СОВЕСТ, СПРАВЕДЛИВОСТА, МИРОТ И ЧОВЕЧНОСТА

*Имајќи ги предвид несреќите што ги поднесува народот во Македонија и во Одринско од отоманското ропство, кое го притиска повеќе од петстотини години,*

*Спомнувајќи си ги ужасните сцени од Виница, раздирливите писоци на нашите живо палени браќа, на силуваните девици и на децата истргнати од прегратките на нивните мајки,*

*Имајќи ја предвид крвта што неодамна протече по раните на Македонија по наредба на Големиот Колач,*

*Имајќи ги предвид сите грозотии Централниот македонски комитет се зафати со тешката задача да биде заштитник на македонскиот народ и со овој Апел ги изразува само своите оправдани стремежи до благородните луѓе:*

*ЦЕНТРАЛНИОТ МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ свикува за следниот 3 март конгрес во Женева. Овој конгрес има за цел да ги изрази јавно оправданите желби и политичките барања на Македонците; откако ќе се задоволат тие барања, пак ќе завладее на Балканскиот Полуостров мир и правда.*

*Желбите на народот накусо се следниве:*

*1. Формирање на една Област, со Солун како главен град, што ќе ги опфати Солунскиот, Битолскиот, Одринскиот и Скопскиот вилает, со следниве граници:*

*граничната линија на оваа Област ќе почнува од српската граница близу до Врање, ќе се протега по северно-западните граница на прешевска, кумановска, и тетовската околија, ќе се совпаѓа со гребенот на Карадаг и со врвот Љуботен и гребе-*

*нот на Шар, ќе ја стаса до Кораб врвната точка на Дешат; од Кораб оваа линија ќе се протега по долината на Велештица, почнувајќи од селото Радомир до вливот на рекичката под исто име во Црн Дрим; оттука таа ќе продолжува по долината на Дрим до селото Ндрет и оттаму ги допира западните граници на охридска и горичка (корчанска) околија до самиот врв на Грамос, ќе се совпаѓа со границите долж костурска, кајларска, воденска и караферисна околија, до пресечената точка на оваа линија со реката Бистрица; оттука ќе го следи текот на реката до Егејско Море простирајќи се долж морскиот брег и опфаќајќи го Халкидик, ќе го достаса устието на Места (Кара Су). На североисток Областа ќе го опфаќа сиот Одрински вилает и доаѓа на границата на источна Румелија и оттаму до границите на кнежевството Бугарија и кралството на Србија.*

*2. Назначување на должноста генерален Гувернер, за период од пет години, на личност што ќе има правичен дух и толеранција и што ќе припаѓа на предоминантната народност во Областа.*

*3. Генералниот Гувернер ќе управува во Областа со помош на Сенат, составен од девет члена, избран директно од самиот народ, гарантирајќи ги правата на малцинствата.*

*Овој Сенат ќе се изјаснува за сите прашања што се однесуваат до внатрешната администрација на Областа. Извршната власт им се доверува на четири раководители избрани од Гувернерот, на предлог од Сенатот.*

*4. Ефикасна и достатна гаранција на личната слобода и на неприкосвеноста на живеалиштето за сите жители на Областа без разлика. Укинување цензурата на печатот.*

*5. Назначувањето на сите функционери на нивните служби ќе стане од средината на предоминантното население во местото.*

*6. Прифаќање на главните јазици во Областа еднакво со турскиот јазик во сите институции на Областа, оставајќи им го на административните единици слободниот избор на кој било од овие јазици за употреба во новите службени односи.*

*7. Организирањето на училиштата да им се остави на самите различни христијански народности, без мешање на Владата или било кое конституирано тело во Областа.*

*8. Црквените прашања на предоминатното население треба да се водат од врховен поглавар, кој треба да биде Словен, на кој му припаѓа јурисдикцијата врз сите христијански Словени на Балканот, а со цел да се создаде словенска конфедерација.*

*9. Создавање на милициско тело, регрутирано од Областа, за одржување на јавниот ред и мир. Телото ќе биде директно потчинето на генералниот Гувернер. Составот на оваа милиција*

*ќе се состои пропорционално според бројот на жителите на различните народности, во максимум 1% од вкупното машко население. Вишите офицери ќе се назначуваат директно од генералниот Гувернер, а другите, на предлог од командантите на милицијата.*

*10. Определување на буџетот и даноците на Областа од страна на Сентатот. Дваесет проценти од приходите ќе се внесуваат во општата државна каса за потребите на империјата. Останатите ќе се употребат за трошоците на Областа.*

*11. Назначување покрај генералниот Гувернер на специјална комисија во која домородното население ќе биде достатно претставено. Оваа комисија на чело со генералниот Гувернер, треба да ги изработи во подробности нужните реформи.*

*12. Општа амнестија за сите политички осуденици и за сите емигранти.*

* * *

*Како што произлегува од претходното излагање, каузата на ослободувањето на Македонија се засновува на законитоста и на јавниот морал.*

*ЦЕНТРАЛНИОТ МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ бара поддршка од членовите на конгресот за подобрување судбината на Македонците. Тој предлага да се организира постојанен комитет, кој би бил задолжен да ги претставува интересите на Македонија пред европските сили.*

*Централниот македонски комитет ќе се договори со претставниците на конгресот во врска со мерките, што непосредно ќе се наложат за смирување на земјата.*

*Тој ќе му достави на конгресот мемоар, кој со исклучок на измените, што самиот конгрес би можел да ги внесе, ќе биде доставен на европските сили, потпишан од членовите на конгресот.*

*ГРАЃАНИ, дојде моментот да се покренете против тиранијата на Турција, која не заслужува да го носи името на сила — пријателка на прогресот, која ја одржува својата власт со нарушување на правата и на човечката совест, која се покажува како жариште на метежи, што постојано го загрозуваат европскиот мир и како извор на чесреќите на повеќе народи при крајот на XIX век.*

*Вие слободни луѓе укажете поткрепа со Вашата совест за триумф на вистината и правото на вашите браќа во Македонија.*

*Подајте ја раката на потиснатите во оваа несреќна земја, во која човекот го проколнува животот под бремето на своите несреќи.*

*Покажете ја јавно пред историјата вистинската улога на Големиот Колач, кој владее со жестокот и неморал.*

*ПРИЈАТЕЛИ НА СЛОБОДАТА, ние се осмелуваме да се надеваме дека Европа ќе го управи своето внимание кон судбината на Македонија и дека ќе го направи неопходното за да се избегнат во оваа земја грозните настани од Батак, Виница и Ерменија.*

*(Печат.)* *За Централниот македонски комитет:*

*ЃОРЃИ ИВ. КАПЧЕВ*

*Главен уредник на весникот „Macédoine“*[14])

*Женева 12 јануари 1899.*

*

Од приложениот „Апел“ сѐ гледа дека тој е потпишан од Ѓорѓи Ив. Капчев, кој продолжил во Женева да ги шири идеите на македонското национално-ослободително дело, преку издавање навесникот „Македонија“ **(Macèdoine)** и преку друга пропагандна дејност. Апелот е упатен до сите „заштитници на човечката совест, справедливоста, мирот и човечноста“. Според други сведенија Апелот бил испратен до сите заинтересирани европски научници, публицисти, писатели, општествени дејци и печатот, кои биле зантересирани за македонскиот проблем. Со цел да се заинтересира дипломатијата апелот бил препратен до сите дипломатски претставници на заинтересираните сили и до балканските држави.

„Апелот“ претставува еден сериозен потфат да се запознае европската јавност и дипломатија со вистинските барања на македонскиот народ, кој по Виничката афера до 1897 година, се нашол во многу тешка положба. Затоа и се дејствувало да се изнајде поволен модус за политичкото решение на македонското прашање. За таа цел Ѓ. Ив. Капчев предлагал и проект за политичкото уредување на Македонија.

„Апелот“ се упатува од името на „Централниот македонски комитет“ (Comité Central Macédonien). Тоа значи дека Ѓ. Ив. Капчев, „Апелот“ не го препраќа од свое име, туку од ваков висок орган кој, како што, ќе видиме понатака, имал и свој извршен орган. Од името на овој Комитет Ѓ. Ив. Капчев изнесува дека во Же-

---

[14]) Овој Апел го најдовме во британската дипломатска преписка. Британскиот конзул во Софија Ф. Елиот во еден извештај од 22 јануари 1899 г. го придружува овој Апел, кој го добил по пошта и истиот го препратил до Форењ Офис во Лондон. (PRO-FO 78/5016. (Turkey) /Bulgaria/ (Diplomatic). From Elliot, etc. January-May 1899). При преводот на овој документ ми помогнаа Н. Китаноски и Б. Настев, за што им изразувам благодарност.

нева бил свикан конгрес за 3 март 1899 година. Токму тој конгрес требало да ги изрази политичките барања на Македонците" („Les revendications politiques des Macèdoniens")[15]). За овие политички барања изнесен е подробен проект. Околу предисторијата на овој проект нужно е да се наведат некои подробности Имено, овој проект, со внесувањето на извесни модификации, е истоветен на Проектот што го донел III конгрес на македонските друштва во Бугарија, што се одржал во ноември 1896 година.[16]) Истиот овој проект, придружен со Меморандиум, го препратил до Големите сили Врховниот комитет на 13 јануари 1899 г.[17]) Тоа се паѓа во времето кога Задграничните претставници на ВМРО: Гоце Делчев и Ѓорче Петров, имале влијание врз дејноста на Врховниот комитет и настојувале да го исползуваат особено за материјални и други помошти.[18]) Од ова се наметнува прашањето дали Ѓ. Ив. Капчев имал некаква врска со сета оваа акција. Самиот тој во една белешка споменува за овој Меморандум и укажува дека изложениот проект бил истоветен со неговиот.[19]) Меѓутоа, ако се следат модификациите внесени во Проектот, како и коментарите за него во „Апелот", како и натамошната дејност на Ѓ. Ив. Капчев, која била особено спротивна спрема погледите на Врховниот комитет, ќе се дојде до сосема други заклучоци. Од друга страна: „Реформи", органот на Врховниот комитет, во едно официјално соопштение од 28 јануари 1899 г., негативно се однесол кон сета негова акција и воопшто бегло го коментирал неговиот потфат во Женева.[20]) Тоа свидетелствува дека Ѓ. Ив. Капчев самостојно ја извел сета акција, пред сè поаѓајќи од концепцијата да изложи решение на македонскиот проблем во соодветство со становиштата на самобитното македонско национално-ослободително

---

[15]) PRO-FO 78/5016 (Appel).

[16]) PRO-FO 78/5016 (Проект-Објаснителни белешки); Глас Македонски 8.II. 1898 1; Реформи 6. III. 1899, 2. I. Истиот овој проект, како проект на Третиот македонски конгрес го објавил и П. К. Јаворов во биографијата на Гоце Делчев. (П. К. Яворов. Гоце Делчев. София 1939, 175 — 178 Исто е објавено и кај: Un-non-Diplomate, La Question des Réformes dans la Turquie d'Europe. Paris — Leipzig — Neuchatel 1903, p. p. 61—64.

[17]) PRO-FO 78/5016 (Mémorandum); Реформи 23. I. 1898, 3—4.

[18]) Види: Гоце Делчев. Писма и други материали. София 1967, 92—97; Х. Андонов — Полјански, Гоце Делчев, во спомените на современиците. Скопје 1963, 89; Спомени на Ѓорче Петров. Скопје 1950, 53—55, 74—80; П. К. Яворов, Op. cit., 184—193; К. Христов, Гоце Делчев. София 1955, 167—199; Х. Андонов — Полјански, Гоце Делчев. Идеолог и организатор на македонското национално-ослободително движење. Скопје 1968, 25—26; Право 13. VI. 1903, 1.

[19]) Македония — Macedonien—Macedonija I/2 (1898); 7; Исто навестување и од Л. М. (Български; Преглед IV), 147).

[20]) Еве го тоа соопштение: ,,Le ,,Münchener Allgemeine Zeitung" du 13 c.s. s'occupe specialement de l'Odyssée d'un Certain Kaptcheff. le, fameux organisateur du Congrès de Genève, qu'n'a aucune attache avec nous. Personne ne saurait l'empêcher, ni lui, ni tout autre Macédonien désireux de venir en aide de ses frères, en Roumanie, en Grèce, en Suisse, en Russie même à New-York, où il existe une société macédonienne si nos information sont exactes". (Реформи 16/28. I. 1899, 1 (Уводник).

дело. Тоа се потврдува од приложениот „Апел“ од сета негова натамошна дејност.

3

Од „Апелот“ произлегува дека Ѓ. Ив. Капчев изнел едно можно политичко решение по прашањето за уредување на Македонија. Тој предлагал од Македонија да се формира една автономна област во нејзините природни граници. (Види: „Апел“ точка 1). На чело стоел Генерален гувернер, кој управувал со Сенат и со други помошни органи. („Апел“ т. 2-3). Се гарантирала личната слобода и неприкосновеноста на живеалиштето. Потоа било нагласено регулирањето на административните служби, употребата на јазиците, организацијата на училиштата, на црковните прашања, на милицијата, определувањето на буџетот и на даноците, назначувањето на специјална комисија за нужни реформи и давање општа амнестија за сите политички осуденици. („Апел“ т. 4—12).[21])

Основното во концепцијата на Ѓ. Ив Капчев е од Македонија да се формира една автономна област во рамките на Отоманската империја, како привремено решение. Во проектот стриктно се нагласени сите автономни прерогативи, меѓутоа со доста белези и на федеративност затоа и по некои пунктови е можно споредување со еден друг проект, што го презентирал на јавноста. Д. Вихров, следбеник на македонските револуционерни-социјалисти. Некои поставки се мошне слични, за разлика од тоа што кај Д. Вихров федеративниот принцип е поразвиен и пообразложен.[22]) Од друга страна треба да подвлечеме дека тој принцип не му е туѓ ни на Ѓ. Ив. Капчев. Ако Д. Вихров ја претпочита Швајцарската федеративна република, Ѓ. Ив. Капчев, во својата книга за „Македонија или гласот на робот“, ја претпочита федерацијата на Соединетите американски држави. Оттука тој оди и подалеку кога предлага, како што вели сам: “ . . . организирање на една југословенска федерација.[23]) Тоа се сведочи дека Ѓ. Ив. Капчев автономијата на Македонија ја замислувал како преодна етапа, кон повисока форма на југословенската федерација, организирана по образец на САД. Токму овој квалитет е карактеристичен во становиштата на Ѓ. Ив Капчев, со што се доближува до ставовите на Д. Вихров, така што обајцата претставиле еден стојносен план за политичкото уредување на Македонија.

---

[21]) PRO-FO 78/5016 (-Appel).

[22]) Види: Д. Вихров, Отворено писмо до македонските револуционери Габрово 1901, 75—77.

[23]) Г. Ив. Капчев, Op. cit., 42.

4

За реализирање на својот потфат за политичкото уредување на Македонија Ѓ. Ив. Капчев во „Апелот“ го предвидува „Централниот македонски комитет“, кој требало да работи како постојанен комитет, а имал за цел да ги претставува интересите на Македонија пред европските сили “за подобрување судбината на Македонците“ („pour l' amèlioration du sort des Macèdoniens»). Овој комитет имал за задача да преземе и други мерки околу изведувањето во дело на ослободителната цел. За реализирање на целта во »Апелот се инсистира поддршката од европската јавност.[24])

Инсистирањето на Ѓ. Ив. Капчев наишло на поволен одглас. Печатот главно позитивно се искажал. Но, имало и критични осврти. Освен тоа, иницијативата на Ѓ. Ив. Капчев со неговиот „Апел“ да се запознае и јавноста претставувала ефектен потег. Така на пример, британскиот дипломатски претставник во Софија Ф. Елиот на 22 јануари 1899 г. го добил „Апелот“ и го препратил во Лондон.[25]) А британскиот претставник во Белград В. Гошен на 19 јануари 1899 година, испратил во Лондон опстоен извештај главно врз база на пишувањето на белградскиот весник „Мале Новине“, кој објавил во врска со ова подолга статија.[26]) Не е на одмет тука да се спомене итноста на известувањето за потфатот на Ѓ. Ив. Капчев. Имено, „Апелот“ е датиран на 12 јануари 1899 година, а извештајот на конзулот од Белград е од 19, а на конзулот од Софија на 22 јануари. Оттука произлегува интересот што постоел за вакво решение на македонското прашање, што го изложил Ѓ. Ив. Капчев.

Во овие извештаи, а и од соопштенијата на печатот можно е да се извлечат некои подробности за натамошните чекори околу потфатот на Ѓ. Ив. Капчев. Имено, тој за свикување на македонскиот конгрес испратил покани до видни европски дејци, писатели и правници, поканувајќи ги за присуство. Конгресот имал за задача да се занимава со положбата на поробените народи во Турција, во Македонија, Ерменија и Албанија и да донесе соодветни мерки за подобрување на нивната положба, за давање на полна слобода. Во посебен Меморандум, што ќе го донел конгресот, ќе се формулирале тие барања. Тој Меморандум ќе им бил претставен до Големите сили. Во извештајот на В. Гошен меѓу другото стои дека тој

---

[24]) PRO-FO 78/5016 (-Appel). На крајот од Апелот стои тркалезен печат со натпис: — Централен Македонски Комитет” (Comité Central Macédonien). Внатре во печатот се наоѓа петокрака ѕвезда. (Види — Appel — факсимиле).

[25]) PRO-FO 78/5016.

[26]) PRO-FO 105/126. Servia (Diplomatic). To and From Goschen. January-July 1899.

Меморандум ќе им бил претставен на Силите од страна на „Привремената македонска влада“ („**The Provisional Macedonian Government**“[27])

За натамошното реализирање на потфатот на Ѓ. Ив. Капчев постојат сосема скудни податоци. Се соопштува само дека на неговиот повик за присуство на конгресот изразиле готовност највидни европски дејци.[28]) Исто така во едно друго соопштение се говори дека тој на 19 февруари 1899 содина во Женева организирал митинг, на кој меѓу останатите присуствувал и познатиот француски публицист и политичар Виктор Берар.[29]) Со други податоци за неговите натамошни чекори за реализирање на потфатот на Ѓ. Ив. Капчев во полза на македонската ослободителна кауза засега не располагаме. Секако дека од евидентно значење се не само обидите да се реализира свикување на Македонскиот конгрес во Женева, туку како успеал сиот негов потфат и во што се состоеле последиците за македонскиото ослободително дело.

5.

За натамошното движење на Ѓ. Ив. Капчев постојат скудни податоци. Во 1903 г. се споменува како службеник во обвинителството во Софија и како автор на повеќе трудови, особено од правна природа.[30]) Интересно е натаму да се спомене дека во 1912 година го среќаваме во Одеса, каде имал средба со Крсте П. Мисирков.[31]) Во 1913 година го откриваме меѓу соработниците на „Славјанские Известија“ од Петроград, заедно со П. Чуповски.[32]) Овие податоци, особено неговите врски со К. П. Мисирков и со П. Чуповски се особено значајни. Тоа сведочи дека и Ѓ. Ив. Капчев се наоѓал во кругот на овие прогресивни македонски дејци.

Својата публицистичка дејност Ѓ. Ив. Капчев ја продолжил и во Русија. Така, во 1917 г. ја издал книгата: „Турското наследство

---

[27]) PRO-FO 105/126. Исто: FO 78/4951. Turkey (Bulgaria). From Elliot 1898. Оваа ,,Влада'' како орган на Централниот македонски комитет се споменува и во печатот. (Види: Македонски конгрес в Женева. — Глас Македонски 20.XII. 1898,2).

[28]) Глас Македонски 20. XII. 1898, 2.

[29]) Реформи 6. III. 1899, 4. Во Женева В. Берар одржал на 18. II. 1899 година и две предавања за положбата во Македонија. Во едно од предавањата тој рекол дека: ,,. . .Македонскиот народ, уморен од долгите теглила, експлоатиран, ограбуван, изигриуван, се прашува: до кога ќе трае неговото трпение и дали не е дојден моментот да излезе во полето на борбата ,,(Реформи 27. II. 1899, 4).

[30]) Види: Г. И. Капчев, Присъда на Държавния съд. София 1903; Исто Съдебното дело на бившите министри. София 1903. (А. Балан, Български книгопис. София 1909, 475); Истиот; Признателна България. София 1907. Г. И. Капчев е автор и на повеќе трудови издавани во 1907 година. за спомен куќите и мавзолеите посветени на Русија или на руските великодостоинственици.

[31]) Бл. Ристовски, Крсте П. Мисирков. Скопје 1966, 801.

[32]) Отчет о деятельности Петрогр. Славян. Общества 1913. Петроград 1915, 31—36. (Соопштение на Гане Тодоровски, за што му се заблагодарувам).

и световната војна", во која наоѓаме интересен материјал и за македонската историја.[33]) Натаму го среќаваме Ѓ. Капчев како еден од приврзениците на Александар Стамболиски и по неговото паѓање од 9 јуни 1923 до 1929 година, а веројатно и подоцна, бил политички емигрант во Југославија. Исто така во периодот помеѓу двете војни го среќаваме и како автор на трудови, но повеќе од правна природа. Во еден таков труд Ѓ. Ив. Капчев се заложува за добри односи на Бугарија со југословенската држава и тоа го смета, како што вели" . . . како предуслов за комплетно морално и културно обединување и солидарност со сите Словени и човештвото воопшто?[34]) Тоа негово гледиште секако и претставувало причина во една публикација од 1929 година инспирирана и изработена по директива на неоврховистичката Михаиловистичка ВМРО, да биде обвинет за „југословенство.[35])

Меѓу сите негови дејности од особено значење е неговата акција од 1899 година, конкретно неговиот „Апел" до европското јавно мислење. Главниот потег на тој потфат на Ѓ. Ив. Капчев се состоел во неговата желба да придонесе за справедливото решение на македонското прашање. Тоа решение Ѓ. Ив. Капчев инсистирал да се реши врз македонски државотворни начела. Со тоа, придонел за актуелизирање на македонската проблематика на меѓународната политичка сцена Така неговиот потфат од 1899 година, со поднесувањето на „Апелот" за решение на македонското прашање до европската јавност, претставува еден стојносен придонес кон историјата на македонската ослободителна кауза.

*Hristo Andonov-Poljanski*

„L'APPEL DE GORGI IV. KAPČEV DE 1899

RÉSUMÈ

L' auteur du texte expose l'activité de Gorgi Iv. Kapčev, activiste de Macédoine qui, en 1899 présenta au public d'Europe un **APPEL** se rapportant à la question macèdonienne.

Après avoir pris en considération ce qu'on connait déjà sur Gorgi Iv. Kapčev, l'auteur y publie le texte intègral et inédit jusqu à présent de ce document portant le titre: „Appel aux dèfenseurs de la

---

[33]) Г. Ив. Капчев, Турецкое ,,наследство" и Мировая война. Стокгольм 1917, 8, 59, 64, 88—90. (Книгата е изддадена во Петроград, а печатена во Штокхолм).

[33]а) Види: Родоотстъпници. 1929, 27.

[34]) Г. И. Капчев, Народния погром пред Държавния съд. София 1923; Исто- La Débâcle Nationale Bulgare devant la Haute—Cour. Paris 1925, (Цитатот е од фран цуското издание p. 278).

[35]) Родостъпници, Ibidem.

conscience humaine, de l'equitè de la paix et de l'humanité". Cet APPEL fut lancé par le „Comité Central Macédonien" et publié à Genève, le 12 janvier 1899. Gorgi Kapčev fur son signataire. Dans la suite de son texte, l'auteur s'attarde un peu sur la question concernant la publication de l'APPEL ainsi que sur son accueil par le public d'Europe. Ensuite, il fait une analyse du centenu de cet acte important, exprimant les „revendications politiques des Macèdoniens". Dans l'APPEL on insiste sur le principe fédératif en ce qui concerne la solution de la question macèdonjenne.

Enfin, l'auteur suit également l'activité de G. Iv. Kapčev postérieure à la publication de l'APPEL où, se consacrant à l' oeuvre de liberation de la Macédoine, il contribue beacoup à l' actualisation du problème macédonien sur la scène politique internationale.